# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба

вторник 14.11.2017година
бр. 13 година 52
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 483


## AKT I NA OP [ T I NA RESEN

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за III квартал,
Јануари – Септември 2017 година(со образложение)

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година (со образложение), што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.11.2017 година.

Бр.09-2393/1 Градоначалник
14.11.2017 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.11.2017 година, откако го разгледа Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година (со образложение), го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година ( со образложение).

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2336/2 Претседател
14.11.2017 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за достасани ненамирени обрски на Општина Ресен за III квартал, Јануари-Септември 2017 година (со образложение)

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за достасани ненамирени обрски на Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година (со образложение), што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.11.2017 година.

Бр.09-2393/2
14.11.2017 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.11.2017 година, откако го разгледа Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година (со образложение), го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година (со образложение).

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2336/3
14.11.2017 година
Ресен

Претседател
Никола Станковски с.р.

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за задолжување на Општина Ресен и Јавните претпријатија основани од Општина Ресен за III квартал, Јануари-Септември 2017 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за задолжување на Општина Ресен и Јавните претпријатија основани од Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.11.2017 година.

Бр.09-2393/3 | Градоначалник
14.11.2017 година | Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.11.2017 година, откако го разгледа Кварталниот извештај за задолжување на Општина Ресен и Јавните претпријатија основани од Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Кварталниот извештај за задолжување на Општина Ресен и Јавните претпријатија основани од Општина Ресен за III квартал, Јануари – Септември 2017 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2336/4 | Претседател
14.11.2017 година | Никола Станковски с.р.
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2017 година

Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2017 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.11.2017 година.

Бр.09-2393/4
14.11.2017 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016), Советот на Општина Ресен на 03-та Седница, одржана на ден 14.11.2017 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2017 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2017 година на следниот начин:

| Потпрограма / Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | -350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 61.971 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 4.401 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 16.368 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 6.639 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 456 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 1.092 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -90.927 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -201.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -19.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -63.600 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -25.500 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 21.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 132.750 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 25.350 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 0 | -15.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2017 година.

Претседател на Советот
на Општината
**Никола Станковски** с.р.

Бр. 08- 2336 /5
14.11.2017
Ресен

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Планот на Програми за развој во
Општина Ресен за 2018 година

Се прогласува Планот на Програми за развој на Општина Ресен за 2018 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.11.2017 година.

Бр.09-2393/5 Градоначалник
14.11.2017 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен",бр.7/10, 13/13, 8/15 и 11/15) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.11.2017 година, донесе

**П Л А Н Н А П Р О Г Р А М И З А Р А З В О Ј**
**во Општина Ресен за 2018 година**

## Вовед

Согласно степенот на реализација на одредени инвестициони активности предвидени во **Планот на Програми** за развој за предходниот период кои се реализирани во претходниот период и насоките на општината за преземање на активности од развоен карактер, а согласно Стратегијата за развој на Општина Ресен, во наредниот период 2018 година Општина Ресен ќе се фокусира на следните предложени активности од развоен карактер, кои ќе се реализираат преку соодветни годишни Програми.

Целта на ваквото програмирање е создавање на предуслови за задоволување на потребите на граѓаните, подобрување на квалитетот на живот, како и заштита на животната средина.

Тригодишниот План на програми за развој за 2018 година ќе се состои од капитални инвестиции во областите: изградба на објекти, водоснабдување, канализација, изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици, чистење на речните корита и локален економски развој.

Планот на програмите за развој на општина Ресен програмиран за 2018 содржи временска рамка за реализација на капиталните инвестиции, финансиска конструкција, извори на финансирање и контрола над примена на планот.

За еден дел од програмираните капитални инвестиции постои техничка документација, која треба да се комплетира според новите закони, подзаконски акти и нормативи.

Капиталните инвестиции се распоредени во следните области:

1. ЈА - Изградба на објекти,
2. ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување,
3. ЈИ -Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни фекални води,
4. ЈД - Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици,
5. Ј8 - Други комунални работи ( Чистење на речните корита ),
6. Г - Локален економски развој,

## 1. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на објекти планирани се следните активности:

1.1. **Изградба на Комплексот „ Финско Село “ м.в. Маркова Нога**, **КО Долно Дупени - Ресен**.

Градежните работи опфаќаат: комерцијални и деловни објекти, хотелски комплекс, викенд куќи и целосна инфраструктура.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од странски инвеститори.

Временска рамка 2018 година.

1.2. **Изградба на мали хидроелектрани**

Изградба на мали хидроелектрани ќе се изврши на Лева Река – Голема Река во Општина Ресен. Предвидено е изградбата на мала хидроелектрана да се изведе во 2018 година.

Вкупните потребни средства за изведба на хидроелектраната изнесува 122.910.000 денари.

Потребните средства за инвестицијата се обезбедени од правни субјекти.

Носител на работите на инвестицијата е ЕНЕРГОРЕМОНТ – МЗТ – ХЕРЦ ДОО – Битола.

Временска рамка на изведување на активностите 2018 година.

1.3. **Изградба на две училишни спортски сали**

Согласно Програмата за изградба на спортски сали на Владата на РМ, во програмскиот период планирано е да се изградат две училишни спортски сали и тоа во основните училишта Мите Богоевски и Гоце Делчев во Ресен.

Со овие инвестиции ќе се придонесе кон унапредување на образованието и спортот кај лицата вклучени во основното образование како и на останатите лица кои на некој начин се инволвирани во областа на спортот.

Финансирањето на инвестициите ќе биде од Буџетот на РМ со рок на реализација 2018 година.

## 2. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на системи за водоснабдување планирано е следното:

**2.**1. **Ресен –-**доградба со реконструкција на водоводната мрежа во град Ресен II фаза од примарна водоводна мрежа и секундарна мрежа – **25 000 000.00** денари.

Спрема согледувањата и развојните планови на градот, потребно е да се преземат мерки за целосно разрешување на проблемот со водоснабдување на населението во градот како и за развој на градот во наредниот период. Оваа активност се предвидува со оваа Програма за 2018 година.

Средствата се обезбедени од Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски.

2.2. **Избиште**- изградба на водоснабдителен систем – **10.000.000,00** ден.

Избиште е населба каде што не е решен проблемот со водоснабдување со исправна вода за пиење. Потребни финансиски средства кои треба да се обезбедат со оваа Програма изнесуваат 10.000.000 денари ,со што би се изработила комплетна водоводна мрежа во населеното место, а техничките параметри ќе произлезат при изготвувањето на техничката документација во текот на 2018 година.

Средствата се планираат да се обезбедат од извори на Републичкиот Буџет и донации.

2.3. **Долно Дупени** – подобрување на квалитетот на водата за пиење со изведба на дополнителни хидротехнички објекти кои ќе го овозможат истото – **2.000.000.00** денари

Долно Дупени се снабдува со вода за пиење од планински извори на кои во изминатиот перод издашноста на истите е намалена и преставува недостаток од доволни количини на исправна вода за пиење. Од тука и потребата со оваа Програма да се обезбедат финансиски средства за снабдување со дополнителни количини на вода за пиење, а за истата подобрување на квалитетот на водата за пиење со изведба на дополнителни хидротехнички објекти. Потребни финансиски средства за изведување на потребните активности изнесуваат 2.000.000,00 денари, а кои активности се планираат да завршат во 2018 година.

Средствата се планираат да се обезбедат од извори на Републичкиот Буџет и донации.

2.4. **Ресен – хидрантска мрежа на потезот од мостот на Голема река до објектот на Противпожарната станица -**изградба на водовод – **1 534 333.00** денари

Спрема согледувањата и развојните планови на градот, потребно е да се преземат мерки за целосно разрешување на проблемот со водоснабдување на Противпожарната станица, како и за понатамошен развој во наредниот период. Оваа активност е отпочната и на терен се изведуваат градежни работи , кои согласно договорот за изведба помеѓу Општина Ресен и изведувачот на работите,се предвидува изведбата да биде завршена до мај 2018 година.

Средствата се обезбедени од Швајцарска Амбасада преку UNDP.

2.5. **Претор - Туристичка населба** - изградба на водоснабдителен систем – **6 426 851,00** ден.

Претор е населба каде што не е решен проблемот со водоснабдување со исправна вода за пиење. Од тука во наредниот период треба да се преземат одредени активности за изведба, а за кои се обезбедени финансиски средства и истите ќе се употребат за реализација на проектот. Потребни финансиски средства кои се обезбедени за оваа Програма изнесуваат **6 426 851,00** денари.

На терен се отпочнати градежни активности, кои согласно договорот за изведба помеѓу Општина Ресен и изведувачот на работите,се предвидува изведбата да биде завршена до мај 2018 година.

Средствата се обезбедени од Швајцарска Амбасада преку UNDP.

2.6. **Стење**- зафаќање на дополнителни количини на исправна вода за пиење – **2.000.000.00** денари

Стење се снабдува со вода за пиење од бушотини кои во изминатиот перод издашноста на истите е намалена и преставува недостаток од доволни количини на исправна вода за пиење. Од тука и потребата со оваа Програма да се обезбедат финансиски средства за снабдување со дополнителни количини на вода за пиење. Потребни финансиски средства за изведување на потребните активности изнесуваат **2.000.000,00** денари, а кои активности се планираат да завршат во 2018 година.

Средствата се планираат да се обезбедат од извори на Републичкиот Буџет и донации.

2.7.**Сливница-**изградба на водоводен систем за водоснабдување куќни приклучоци- **550 375.00** денари

Жителите на с.Сливница имаат проблеми со водоснабдувањето од постоечкиот водовод. Посебно во летниот период има недостаток од вода поради недоволната издашност на изворот од кој селото се снабдува со вода. За да се подобри водоснабдувањето во с.Сливница , во 2017 година се изгради комплетна реконструкција на примарната водоводна мрежа и комплатно изведен резервоар , со што се отсранија од употребаа азбесните цевки. Како следна фаза се предвидува изведба на секундарна мрежа за која се обезбедени средства со оваа програма , кои согласно договорот за изведба помеѓу Општина Ресен и изведувачот на работите, се предвидува изведбата да биде завршена до мај 2018 година.

Средствата се обезбедени од Швајцарска Амбасада преку UNDP.

2.8. **Набавка и изведба на хлоринатори** – **250.000,00** денари.

Повеќето населени места кои не се вклучени на регионалниот водовот и се снабдуваат со вода за пиење од локални извори, истата не ја хлорираат. Од овие објекти перманентно преку Заводот за здравствена заштита во Битола се зема вода за лабараториска анализа во поглед на хемиската и бактериолошката исправност, при што од лабараторискиот преглед на водата се констатира дека примерокот одговара на Правилникот за безбедноста на водата за пиење, но истата не се хлорира. Од овие причини како активност во оваа Програма за периодот од 2018 година се предвидува да се обезбедат финансиски средства во висина од 250.000,00 денари за набавка и изведба на хлоринатори, кои средствата ќе се обезбедат 50 % од Буџетот на Општина Ресен и 50% од донации.

Со горенаведените активности кои ќе се реализираат во населените места, а кои не се приклучени на регионалниот водовод, преку подобрување на квалитетот и квантитетот на водата за пиење ќе се создадат предуслови за подобрување на квалитетот на живеење директно на населението од селските населби како и во градот и индиректно ќе се создадат предуслови за развој на алтернативниот туризам согласно првиот приоритет од Стратегијата.

## 3. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на фекална и атмосферска канализација планирано е следното:

**3.1.Стење** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица – 42 424 095.00 денари

Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е предвидена да се изгради на околу 300 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосверските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе изнесува 1,60 м и ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти. Трасите на канализационите водови минуваат по сите улици така што некаде е потребно да се изврши сечење на асвалтната лента со ширина од 1,00 м вдолж патот. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

3.2. **Јанковец** - доизградба на фекална канализација – 12 239 562,00 денари

Со изградба на овој систем се планира канализирање на одпадните води кои се ослободуваат од од домаќинствата и другите објекти од селото.

Истите ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собират во колектори кои фекалните и одпадните води ќе се носат во пречистителна станица.

3.3. **Грнчари** - изградба на фекална канализација – 27 069 818,00 Денари

Канализациониот систем во с.Грнчари, предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води а атмосверските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Како налзастапени објекти на канализационата мрежа се ревизионите шахти на кои се приклучуваат објектите .

3.4. **Подмочани** - изградба на фекална канализација – 24 786 382,00 денари

Канализациониот систем во с. Подмочани , предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води а атмосверските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Како налзастапени објекти на канализационата мрежа се ревизионите шахти на кои се приклучуваат објектите .

**3.5 Крани** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица – 41 986 243.00 денари

Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е предвидена да се изгради на околу 600 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон реката.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосверските и подземните води. По должина на трасата се предвидува да се поставаат ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

3.6. **Дрмени** - доизградба на фекална канализација – 1 600 020,00 денари

Канализационата мрежа се изгради во 2017 година , но со до изградбата на уште 6 краци од канализационата мрежа се планира заокружување на целокупната примарна канализациона мрежа. Одпадните води кои се ослободуваат од домаќинствата и другите објекти од селото се канализираат во колекторски систем кој води до пречистителната станица во с.Дрмени .

Со реализирање на горенаведените активности ќе се заштити и унапреди животната средина, природата и ќе води кон подобрување на екосистемите во предложените селски населби кои се директни корисници од реализирањето на инвестициите, така и во целата општина индирекно. Правилното управување со фекалните води ќе донесе создавање на предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението и исполнување на двата приоритети од Стратегијата - заштита на животната средина и развој на туризмот.

## 4. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици , осветлување на патна инфраструктура и изведба на плоштади, планирано е следното:

4.1.Изградба на пристапни улици и улици каде што е изградена водоводна и канализациона мрежа во градот Ресен со вкупна должина од 1000м

**4.2.** Исто така во Програмата се предвидува реконструкција на горниот строј на коловозот и тоа на :

1. ул.,,11-ти Октомври"- на потегот од Кам маркет до раскрсница со ,,Наум Веслиоски"- со вкупна должина од околу L=764.00 м, во вредност од 6 854 828.00 денари

2. ул.,,29-ти Ноември"- на потегот од раскрсница со ул,,Борис Кидрќ" до ПС Ресен- со вкупна должина од околу L=1 313.00 м, во вредност од 11 148 850.00 денари

3. ул.,,Таше Милошевски"- на потегот од раскрсница со ул,,Борис Кидрќ" до паркиралиште кај општинската зграда- со вкупна должина од околу L=256.00 м, во вредност од 3 221 720.00 денари

За реализација на реконструкцијата на овие улици, кои се наоѓаат во централното грдско подрачје, потребни ќе бидат околу 21 225 398.00 денари, кои се обезбедени со под-заем со Владата на Република Македонија,преку Министерство за финансии од МБОР-Светска Банка според повик за подобрување на општинските услуги МСИП 2.

4.3.Средства кои се предвидуваат за чистење на речни корита,канали за одводнување на патиштата, косини, риголи на патишта и улици кои се во надлежност на Општина Ресен.
Потребни средства за реализација ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Ресен ,Буџет на РМ или донации, во вредност од 1 000 000.00 денари.

4.4. Согласно Програмата на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РМ за финансирање на проекти од ЕЛС по разни мерки, на почетокот од 2018 година треба да одпочне со прибирање на понуди од заинтересираните ЕЛС и реализација на истите кои ќе бидат одобрени во текот на 2018 година. За оваа цел Општина Ресен има приготвено соодветна техничка документација која е апликативна за изградба на патот: спој со локален пат за с.Болно – до манастир Св.Наум, во износ од **3.428.955,00** дена.

4.5. Локални патишта кои треба да се изведат во 2018 година:

1. Изградба на локални патишта во Долно Дупени (крак 6 и крак 7) со должина од L=597.00 м.................................3 200 000.00 денари
2. Изградба на локалниот пат во Царев Двор со должина од L=300.00 м.......................................................1 500 000.00 денари
3. Изградба на повеќенаменско (баскет) игралиште во с.Крани со површина од 550м² ..................................................3 200 000.00 денари
4. Изгардба на локалниот пат Покрвеник и Волкодери со должина од L=650.00 м..................................................3 250 000.00 денари
5. Изградба на локалниот пат с.Подмочани во должина од L= 200.00 м ....................................................................1 000 000.00 денари
6. Изградба на два локални патишта во Горна Бела Црква со должина од L= 600.00 м...............................3 000 000.00 денари

**Вкупно: 15 150 000.00 денари**

4.6. Изградба на локален пат с.Стење –с.Коњско

Потребни средства за реализација: 77.000.000 денари
Извори на финансирање: Буџет на Република Македонија
Целта на активноста е подобрување на патната инфраструктура.
Временски перид за реализација 2018.

4.7 Реконструкција на дел од плоштад Цар Самоил и улица Гоце Делчев во Ресен

Во 2016/2017 година се отпочна со реконструкција на улицата Мите Богоевски која претставува фаза од реконструкцијата на плоштадот Цар Самоил и улицата Гоце Делчев во Ресен, кои треба да се изведат во иднина во две фази. Првата фаза која е дел од оваа програма се однесува на изградба на дел од плоштад Цар Самоил и улица Гоце Делчев во Ресен, во вредност од 10.000.000,00 денари.

Потребни средства за реализација ќе бидат обезбедени од ,Буџет на РМ или донации, во вредност од 10 000 000.00 денари.

Целта на горенаведените активности е подобрување на инфраструктурата а во функција на подобрување на условите за транспорт на стоки и патници како и создавање на услови за привлекување на туристи, согласно двата приоритети од Стратегијата.

**5. Во рамките на капиталните инвестиции за заштита на животна средина планирано е чистење на речни корита и реставрација на екосистемот на Преспанско Езеро и имплементација на Планот за управување со речниот слив**

5.1. **Чистење на речните корита**

Потребни средства за реализирање на активностите 3.000.000 денари
Извори на финансирање Буџет на Општина Ресен, странски донатори и Влада на Република Македонија.
Овие активности се однесуваат на чистење на речните корита на следните реки од територијата на Општина Ресен: Брајчинска, Кранска, Курбинска, Грнчарска, Подмочанска, Источка, Голема Река и други помали речни корита на подрачјето на општина Ресен.
Временски период за имплементација 2018 година.
Со имплементација на активноста ќе се заштити и унапреди животната средина и природата, истите ќе придонесат за минимизирање на деградацијата и штетите од евентуалните поплави.

5.2. Р**еставрација на екосистемот на Преспанско Езеро и имплементација на Планот за управување со речниот слив 2016-2018**

Потребни средства за реализирање на активностите: 25.707.500,00 денари
Извори на финансирање: Буџет на Општина Ресен
Средствата се обезбедени со потпишување на Договор помеѓу:
Општина Ресен и Швајцарска Конфедерација, застапена од Федералниот Оддел за Надворешни Работи (FDFA) со реализација преку Швајцарска Амбасада во РМ/ Швајцарска Агенција за Развој и Соработка (SDC)
Овие активности се однесуваат на Проектот за реставрација на екосистемот на Преспанското Езеро и имплементација на Планот за управување со речниот слив.
Временски период за имплементација 2016-2018 година.
Со имплементација на активноста ќе се заштити и унапреди екосистемот на Преспанското Езеро.
Исплатата ќе се изврши во рок од 30 дена од приемот и прифаќањето од Швајцарската Амбасада на извештаите за напредокот и состојбите на сметките според следниот план:
- прва рата од 9.040.000,00 МКД по потпишување на сегашниот Договор од двете страни;

- втора рата од 2.260.000,00 МКД по приемот и одобрувањето на полугодишниот извештај за развој, состојба на сметки и екстерно ревидиран биланс на сметки кои се однесуваат на член 9 од овој Договор, за периодот од 01.08.2016 до 31.12.2016.
- трета рата од 9.040.000,00 МКД по приемот и одобрувањето на полугодишниот извештај за развој и состојба на сметки кои се однесуваат на член 9 од овој Договор, за периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017.
- четврта рата од 2.825.000,00 МКД по приемот и одобрувањето на годишниот извештај за развој, состојба на сметки и екстерно ревидиран биланс на сметки кои се однесуваат на член 9 од овој Договор, за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017.
- последна рата од максисмум 2.542.500,00 МКД по приемот и одобрувањето на полугодишниот извештај за развој, конечната состојба на сметки и екстерно ревидираниот биланс на сметки кои се однесуваат на член 9 од овој Договор за периодот од 01.01.2018 до 30.06.2018 како и извештај за конечниот развој и напредок кој го покрива целиот период на проектот.

Швајцарската Амбасада може да го измени планот за исплатата или датите на исплата во зависност од развојот на работата и настанатите трошоци.

## 6. Во рамките на капиталните инвестиции за локален економски развој планирано е следното:

### 6.1 Поддршка при формирање и развој на две туристички зони на источниот и западниот дел на Преспанското Езеро

Од буџетот на Општина Ресен ќе се финансира формирање и развој на две туристички зони на источниот и западниот брег на Преспанското езеро. Општината ќе овозможи услови за продажба на плацеви за изградба на мали хотели и викенд-населби, а истовремено ќе се вложат напори за промоција на понудата и привлекување на домашни и странски инвеститори.
Финансии: Буџет на Општина Ресен – 1.000.000 денари, реализација: 2018 година.

### 6.2 Подршка на локалниот економски развој

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за локален економски развој на Општина Ресен, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите Сектори и Одделенија во Локалната Самоуправа на Општина Ресен, при што Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка за буџетската 2017 година ја предвидува програмата Г1, Поддршка на локалниот економски развој и Г2 поттикнување на развојот на туризмот во Општина Ресен.
Финансии: Буџет на Општина Ресен – 6.000.000 денари, реализација: 2018 година.

### 6.3 Подршка за развој на туризмот

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Ресен, други позитивни

законски одредби на Република Македонија и препораките на ЕвропскатаУнија за забрзуање на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Финансии: Буџет на Општина Ресен – 68,483,850.05 денари , реализација: 2018 година.

6.4. **Прекугранична соработка**

Оваа Програма се фокусира претежно, но не и исклучиво, на искористување на инструментот ИПА – инструмент за предпристапна помош насочен кон земјите кандидати за членство во Европската Унија, во сите области на делување на локалниот живот: јакнење на демократските институции и владеењето на правото; реформа на јавната администрација; извршување на економските реформи; почитување на човековите и на малцинските права; промоција на родовата еднаквост; поддршка на развојот на граѓанското општество; напредна регионална соработка, и да придонесе за одржлив развој и намалување на сиромаштијата во овие земји.
Финансии: Буџет на Општина Ресен – 7.000.000 денари, реализација: 2018 година.

Имплементацијата на активностите од **Планот на Програмите за развој** ќе биде под контрола на надлежниот орган на Општината Ресен, со динамика на изведување на активностите согласно динамиката на обезбедувањето на потребните финансиски средства како од Буџетот на Општината така и од соодветните Министерства, Амбасади,АФПЗРР,ЈПДП и други донатори.

Предложениот План на Програми за развој ќе подлежи на годишна ревизија, согласно степенот на реализација на пооделните инвестициони активности.

**Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за таа програма, во Буџетот на Општина Ресен за 2018 година.**

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2336/6 Претседател
14.11.2017 година Никола Станковски с.р.
Ресен

***С О Д Р Ж И Н А:***


1. Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за III квартал, Јануари-Септември (со образложение) ..........................................................................стр.1

2. Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за достасани ненамирени обрски на Општина Ресен за III квартал, Јануари-Септември 2017 година (со образложение) ....................................стр.2

3. Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за задолжување на Општина Ресен и Јавните претпријатија основани од Општина Ресен за III квартал, Јануари-Септември 2017 година................................стр.3

4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2017 година........................................................стр.4

5. План на програми за развој во Општина Ресен за 2018 година.........................……………………………………………………….стр.6